## ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА СКМ
„Комунист“, Скопје, 1985, Том I, 1919—1920 и книга 2, 1921—1941.
(Превод, редакција и коментари д-р Иван Катарџиев.)

Македонската историографија неодамна се здоби со уште еден голем успех публикувајки ги изворните материјали и документи од историјата на СКМ (КПМ) во периодот меѓу двете војни. Овој редок потфат го направи нашата веке нашироко афирмирана издавачка куќа „Комунист“ од Скопје која пред извесно време ја издаде публикацијата „Документи и материјали“ во две книги, во рамките на едицијата Извори на историјата на СКМ, во превод, редакција и коментари на еден од најпознатите македонски историографи и врвен специјалист од областа на поновата историја на Македонија — д-р Иван Катарџиев. Со нејзиното појавување и со претходното публикување на материјалите од илегалниот печат на Комунистичката партија на Југославија во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, пак, во издание на „Комунист“, а во рамките на споменатава едиција што ја подготвува Комисијата за историја на СКМ, се пополнува една извонредно голема празнина во македонската историографија — се создадени услови за комплексно проучување на историјата на КПМ и пошироко за револуционерното работничко движење во овој период.

Предмет на првата книга од првиот том на оваа публикација се документи и материјали во кои главно се зборува за организационото оформување на политичката дејност на Партијата во Македонија во времето на нејзиното легално дејствување, од основањето на првите месни партиски организации во почетокот на 1919 година до донесувањето на владиниот акт на Кралството СХС-Обзнаната, со кој всушност била забранета дејноста на КПЈ. Во неа се поместени 290 документи и материјали. Најголемиот број од нив се од весникот „Социјалистичка зора“ орган на Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти) односно на Комунистичката партија на Југославија во Македонија, а потоа од весникот „Радничке новине“, орган на СРПЈ(к) односно КПЈ. Презентираните документи од легалниот период во дејствувањето на КПЈ во Македонија укажуваат на тоа како партија ја градела својата организациона, политичка и идејна физиономија како политичка авангарда на работничката класа. Низ секојдневните економски и политички барања таа ја подигала класната свест на работните луѓе, ја развивала нивната политичка култура и ги штитела интересите на широките народни маси од економскиот и политичкиот гнет на бугарските реакционерни кругови. КПЈ за Македонија, во овој револуционерен процес, во текот на 1919 — 1920 година започнала да се запознава и со суштината на македонскиот проблем, со историските традиции на македонскиот народ и со неговите историски стремежи за национална слобода. Притоа, во рамките на можностите ги разобличувала шовинистичките пропаганди, и тоа како оние на државните власти во кои се изразувал великосрбизмот, така и оние кои биле инструмент на великобугаризмот. Навистина, Партијата во овие години не зборува за постоењето на македонската нација, за нејзините национални права, но затоа постојано истакнувала дека интересите на македонскиот народ се запоставени бидејки режимските органи над него спроведуваат денационализација. Според тоа, таа била единствен политички фактор кој отворено се борел против економското и политичкото угнетување над македонскиот народ, а за заштита на неговиот живот.

Во втората книга од овој том се поместени вкупно 222 документи. Тука се вклучени документи од органите и форумите на КПЈ што се однесуваат директно за активноста на Партиската организа-

ција во Македонија или до Коминтерната а кои се однесуваат за Партијата во Македонија. Таков е случајот особено со материјалите (писма, извештаи и сл.) на Јосип Броз Тито до Коминтерната, во кои се говори за активноста или положбата на Партијата во Македонија. Во оваа книга се поместени и документи на органите и форумите на Партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија — Обласниот односно Покраинскиот комитет и месните комитети по разни проблеми во врска со положбата на Македонија или македонското национално прашање, потоа полицискиот притисок, беззаконието и слично. Тука се вклучени и документи во кои нема потписник на изворот, но со својата содржина покажуваат дека се од органи на Партијата или се израз на организирана комунистичка активност, како и документи кои се објавени во работничкиот или другиот прогресивен печат, а се однесуваат на актуелни политички, економски и културни прашања на Вардарска Македонија или на третманот на македонското национално прашање.

Презентираните материјали даваат доволно можности за согледување на организациониот развиток на Партијата во Македонија во периодот од 1921 до 1941 година. Со објавувањето на Обзнаната и Законот за заштита на државата, Партијата во Мкедонија, како и во цела Југославија, се нашла во многу тешка криза. Под ударот на буржоаската реакција кај многу комунисти настапил процес на дезориентација и пасивизација. Слично се случило и по шестојануарскиот удар, кога Партијата била десеткувана. Но во процесот на идејната диференцијација и во надминување на фракциските борби се вршело идејното, организационото и политичкото изградување на Партијата. Поради режимскиот притисок и недоволната помош од страна на ЦК на КПЈ, дејноста на Партиската организација во Македонија во наведениот период, доста осцилира освен по 1939 година, кога таа израснала во општа водечка сила на македонскиот нрод, како резултат на организираната идејно-политичка активност на македонските комунисти и поголемата грижа на ЦК на КПЈ во помагање на Партијата во Македонија, што особено дошло до израз по доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на КПЈ.

Посебно значајно место во презентираните материјали и документи на КПЈ и на КПМ во втората книга на овој том зазема македонското национално прашање. Актуелноста на ова прашање добивало во својата острина поради неговиот меѓународен, балкански и европски карактер. Од анализата на документацијата се гледа еволуцијата во ставовите на КПЈ спрема македонското национално прашање која добила нов револуционерен квалитет во годините непосредно пред Втората светска војна. Тогаш ова прашање било третирано како составен дел од секојдневната борба на КПМ против режимот, а за сплотување на масите во претстојната револуционерна борба.

Публикувањето на споменативе документи и материјали не е случајна појава. Тоа е резултат на успешната дејност на Комисијата за историја на СКМ при ЦК на СКМ и на повеќегодишното истражување и проучување на д-р Иван Катарџиев во Архивот на Македонија, Архивското одделение на ИНИ во Скопје, Архивот на ЦК СКЈ во Белград и во други архивски институции во земјата. Тој во својот опширен предговор поодделно за секоја книга прави извонредно совесно вреднување и значење на овие документи, кои ги подредил според класична хронолошка класификација, која овозможува да се добие автентична слика за создавањето, развитокот и дејноста на КПЈ во Македонија во периодот меѓу двете светски војни. За научната фундираност на публикацијата сведочат бројните научни коментари, како и презентираните библиографски прегледи и регистри.

Прегледноста и систематичноста на презентираната документација како и воопшто научната фундираност на публикацијата, покажува висок степен на зрелост на македонската историографија, а посебно високите научни достреали на редакторот и коментаторот д-р Иван Катарџиев. Поради тоа таа претставува значаен придонес за македонската и југословенската историографија.

Владимир КАРТОВ

## ДОКУМЕНТИ О СПОЉНОЈ ПОЛИТИЦИ КРАЉЕВИНЕ СРБИЈЕ 1903—1914, књига V, свеска 3, 5/18 октобар — 31 децембар 1912/13 јануар 1913. Приредио Михаило Војводић. Београд, Српска академија наука и уметности. Одељење историјских наука, 1986, 793 с. 8.

Во рамките на едицијата „Документи за надворешната политика на Кралството Србија од 1903 година до Првата светска војна", на Српската академија на науките и уметностите, неодамна излезе од печат третата свеска од петтата книга документи што се однесуваат на Првата балканска војна односно од периодот од 18 октомври 1912 до 13 јануари 1913 година. Во овој волуминозен труд презентирани се вкупно 624 документи од различно потекло. Најмногубројни се непубликуваните документи од архивите во Белград: Архивот на Србија, Архивот на Југославија, Дипломатскиот архив на Сојузниот секретаријат на надворешните работи, Архивот на Воено-историскиот институт на ЈНА, потоа од Архивот на Музејот во Цетиње како и од Архивот на СРМ. Застапени се бројни документи од странски архиви од познатите публикувани збирки на документи како: Сборникь дипломатическихъ документовь касающихся событий на Балканскомъ Полуостровь (Авг. 1912 — Іюль 1913), С. Петербургь, 1914; British Documents on the Origins on War 1898 — 1914, London, 1934; Die Grosse Politik der Europäischen Kabinette 1871 — 1914, Berlin, 1926; Diplomatische Aktenstücke betreffend die Ereignisse am Balkan 13 Aug. 1912 bis 6 Nov. 1913, Wien, 1914; Osterreich — Ungarns Aussenpolitik von der bosnischen Krise 1903 bis zum Kriegsausbruch 1914. Band IV-V, Wien und Leipzig, 1930; Documents diplomatiques — Les affaires balkaniques 1912 — 1914, t. II, Paris, 1929.

На објавувањето на војната на балканските сојузници на османската држава и на ставот на големите сили по прашањето на војната се однесуваат 28 документи. Во врска со соодносот на силите на војувачките држави, воените цели на балканските сојузници и воспоставувањето на органите на новите окупаторски власти, како и на меѓусебните односи на сојузниците и односите со Турција се застапени 145 документи. На дипломатската активност на големите сили за локализирање на војната, за прашањето на мирот и судбината на териториите освоени од сојузните балкански држави, а во врска со тоа и одржувањето на меѓународната мировна конференција се однесуваат 87 документи. Во врска со ставот на големите сили спрема српскиот излез на Јадранско Море и албанското прашање презентирани се 174 документи од кои голем дел се однесуваат на албанската граница, при тоа и на границата спрема Македонија. На подготовките и работата на Лондонската мировна конференција и склучувањето на мир се однесуваат 63 документи. Останатите документи засегаат други прашања.

Презентираните документи упатуваат на различните интереси на големите сили на Балканскиот Полуостров и во врска со тоа и нивните различни ставови по прашањето на војната и освојувачките планови на балканските држави. Впрочем, тие и не сметале дека